Дневни билтени

2015

Февруари
Март
Април
Мај
Јуни
Јули
Август
Септември
Октомври
Ноември
Декември

2016

2017

2018

2019

2020

2021

Извадок на дел дневните настани 17.12.2021

На 16.12.2021 во 11.10 часот на бул.„Туристичка" во Охрид, полициски службеници од СВР Охрид го лишиле од слобода Р.Л.(21) од Охрид. При извршена контрола и преглед на неговото возило „опел комбо", полициски службеници пронашле и одделе 85 пакувања со 3.260 парчиња пиротехнички средства - петарди. По целосно документирање на случајот против него ќе биде поднесена соодветна пријава.

На 16.12.2021 во 17.10 часот на ул.„Цветан Димов" во Скопје, полициски службеници од Оперативен тим потраги од СВР Скопје го лишија од слобода Б.М.(55) од Скопје. Тој бил баран со потерница од Основен суд Скопје 1 за издржување затворска казна за сторено кривично дело „тешка кражба" по член 236 од Кривичниот законик. Лицето било спроведено во Казнено – поправната установа Затвор Идризово за издржување на казната.

На 16.12.2021 во 15.30 часот во Куманово, полициски службеници од СВР Куманово го лишиле од слобода Г.П.(33) од Куманово. За него бил распишан централен распис поради сомнение дека на 12.10.2021 од банкомат во маркет на ул.,, Ѓорги Димитров" во Скопје без овластување подигнал пари со картичка на женско лице од Скопје. Во службен разговор во полициска станица тој го порајсил делото, истовремено признавајќи дека сторил уште пет кривични дела во текот на овој месец во маркети и други продажни објекти на територијата на Куманово, од кои едно „тешка кражба" и четири „кражби". По целосно документирање на случајте против него ќе бидат поднесени соодветни пријави.

На 16.12.2021 во 11.30 часот, полициски службеници од СВР Струмица го лишиле од слобода Г.П.(25) од с.Ангелци, струмичко. Тој се сомнева дека во периодот од 12.12.2021 до 16.12.2021 на подрачјето на Струмица извршил три кривични дела „тешка кражба", едно кривично дело „тешка кражба на дрзок начин" и едно кривично дело „одземање на моторно возило". Г.П. е задржан во просториите на Полициска станица Струмица, известен е Јавен обвинител од Основно јавно обвинителство Струмица и по целосно документирање на случајте против него ќе бидат поднесени соодветни пријави.

На 16.12.2021 во 23.50 часот во Куманово, полициски службеници од СВР Куманово го лишиле од слобода В.С.(30) од Куманово, затоа што кај него била пронајдена марихуана. По целосно документирање на случајот против него ќе биде поднесена соодветна пријава.

На 16.12.2021 во 12.00 часот на Граничниот премин „Долно Блаце", при извршена гранична проверка било констатирано дека Л.М.(32) од Косово се наоѓа во оперативна евиденција со марка „алпси" по барање на Интерпол-Германија. Тој бил лишен од слобода и предаден на полициски службеници од СВР Скопје за понатамошна постапка.

На 16.12.2021 во периодот од 12.00 до 16.00 часот на подрачје на СВР Струмица биле преземени засилени мерки за контрола на возила кои вршат јавен превоз на патници. Притоа, биле контролирани 34 возила, а 18 од нив биле упатени во станици за технички преглед, при што кај 2 од возилата (1 во Струмица и 1 во Валандово) биле констатирани неправилности. За констатираните прекршоци биле изречени соодветни санкции.

На 16.12.2021 на подрачјето на СВР Битола била спроведена акциска контрола за санкционирање на возачи кои управуваат возила со брзина поголема од пропишаната. Притоа, биле преземени вкупно 12 мерки од кои 10 за пречекорување на максималната дозволена брзина во населено место и 2 за пречекорување на брзината надвор од населено место. За сите неправилности издадени се соодветни поднесоци.

На 16.12.2021 на подрачјето на СВР Штип, полициски службеници спроведоа акциска контрола за санкционирање на возачи кои управуваат возила со брзина поголема од пропишаната. За време на контролата биле констатирани 7 прекршоци, од кои 3 надвор од населено место и 4 во населено место. На сите возачи им биле изречени соодветни санкции. Санкционирани биле и 22 други видови на прекршоци, од кои 10 за управување возило без возачка дозвола, 2 за управување возило под дејство на алкохол, 3 за некорректење сигурносен појас и 7 за непропишано паркирање.

На 16.12.2021 во 11.05 часот во СВР Скопје било пријавено дека на ул.„Христо Татарчев", возило „дачиа дастер", со скопски регистарски ознаки, управувано од С.П.(42) од Скопје, удрило во велосипед управуван од Д.С.(60) од Скопје. Во несреќата со тешки телесни повреди се здобила велосипедистот констатирани во Градската општа болница „Св.Наум Охридски". Извршен бил увид од увидна екипа од СВР Скопје.

На 16.12.2021 во 17.10 часот во СВР Скопје било пријавено дека на ул.„Новоселски пат" се случило сообраќајна несреќа помеѓу патничко возило „шкода фелиција", со скопски регистарски ознаки, управувано од В.С.(72) од Скопје и автобус „еробус", со скопски регистарски ознаки, управуван од В.Т.(35) од Скопје. Во несреќата со тешки телесни повреди се здобила сопатничка од возилото П.С.(71) од Скопје, констатирани во Градската општа болница „Св.Наум Охридски". Извршен бил увид на местото на настанот од увидна екипа од СВР Скопје.

На 16.12.2021 во 14.15 часот во Полициската станица Аеродром, Р.К.(30) од Скопје пријавил дека на бул.„АСНОМ" бил каснат од куче скитник.

Во текот на изминатото деноноќие (16.12/17.12.2021) на територијата на Република Северна Македонија, за мерката за носење лична заштита на лице, регистрирани се 28 прекршоци.

На 16.12.2021 во 09.00 часот во Полициската станица Карпош, С.Ш.(62) од Скопје пријавил дека на ул.„Петар Чаулев" бил каснат од куче скитник.

Денеска (17.12.2021) во 09.30 часот на ул.„Винковачка" во Охрид, полициски службеници од Отсекот за недозволена трговија со дрога и оружје при СВР Охрид го лишиле од слобода Г.С.(43) од Охрид. При претрес во неговиот дом, извршен со судска наредба, биле пронајдени и одземени една ловечка пушка од руско производство со калибар 16 мм, една воздушна пушка, една пушка „Цревна застава" и повеќе куршуми од различен калибар, кои ги поседувал без дозвола. По целосно документирање на случајот против него ќе биде поднесена соодветна пријава по член 396 од Кривичниот законик.

На 16.12.2021, полициски службеници од Полициската станица Штип го привеле Д.З.(24) од Штип, затоа што кај него била пронајдена и одземена прашкаста материја. По комплетирање на случајот против него ќе биде поднесена соодветна пријава.

На 16.12.2021 во 18.10 часот на ул.„15 корпус" во Охрид била извршена контрола во возило со охридски регистарски ознаки, управувано од К.К.(17) од Охрид, во кое се превезувал Е.М.(28) од Кичево. Притоа, констатирано е дека во задниот дел од возилото нелегално се транспортирало огревно дрво. Дрвата биле одземени и предадени на претставник на Шумската полиција, по што ќе биде поднесена соодветна пријава.

Денеска (17.12.2021), во периодот од 07.00 до 12.00 часот, на тетовско-гостиварското подрачје спроведена е сообраќајна акциска контрола за непропишо престигнување, во која биле откриени и законски санкционирани вкупно 40 прекршоци (ТЕ-19 и ГВ-21). Најголемиот број од прекршоците (ТЕ-19 и ГВ-18) се одговорале на престигнување на забранети места, а 3 (ГВ) на престигнување во колона. На сите прекршители изготвени им се соодветни поднесоци и ќе се соочат со законски предвидените парични глоби и другите превидени мерки. При контролата, исто така, санкционирани биле и 5 други видови сообраќајни прекршоци (ТЕ).

ОВР Дебар поднесе кривична пријава против Ѓ.Р.(20) од с.Житинени, општина Центар Жупа, поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „непостапување според здравствените прописи за време на епидемија". При контрола извршена на 01.12.2021, полициски службеници утврдиле дека тој не се наоѓа во неговиот дом, со што не се придржувал до решението на Државниот здравствен и санитарен инспекторат за задолжителна изолација како заштитна мерка за спречување на ширењето на вирусот Ковид-19.

ОВР Струга поднесе кривична пријава против М.Г.(62) од струшко село Лабуништа, поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „загрозување со опасно орудие при тепачка или каранница". Тој, на 26.04.2021 започнал вербална расправија, а потоа со метален предмет се обидел да го нападне С.Г.(32) од истото село.

На 16.12.2021 околу 21.40 часот, полициски службеници од Полициското одделение Сарај го лишиле од слобода Р.К.(64), поради сомнение дека сторил кривично дело „убиство" по член 123 од Кривичниот законик. Во 21.30 часот во Полициското одделение Сарај тој пријавил дека во с.Горна Матка, додека бил на лов и чекал диви свињи, застрелал човек, мислејќи дека е дивеч. Во 21.40 часот на полициски службеници им го покажал местото и телото на починатото лице. Од екипа на Итна медицинска помош била констатирана смрт и било утврдено дека починатиот е С.Ј.(46) од с.Матка, скопско. По целосно документирање на случајот ќе биде поднесена соодветна пријава.

На 16.12.2021 во 14.35 часот во СВР Скопје, А.Ј.(33) од Скопје пријавил дека на 15.12.2021 околу 20.20 часот во близина на угостителски објект на подрачјето на Центар бил физички нападнат од едно лице. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 16.12.2021 во 15.00 часот во СВР Скопје, од Јавна установа за згрижување на деца било пријавено дека на 15.12.2021 во установата се вратил нивниот штитеник Р.Ц.М.(14), за кој на 13.11.2021 беше пријавено дека се одделачил од установата.

На 16.12.2021 во 17.40 часот во СВР Скопје, Г.Ј.(44) од Скопје пријавил дека околу 13.00 часот на подрачјето на Чаир бил физички нападнат од неговиот сосед И.А.. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

Денеска (17.12.2021) ОВР Кавадарци поднесе кривична пријава по чл.141 ст.2, по чл.140 ст.1 и по чл.260 ст.2 в.в. ст.1, против О.Р.(53) од Кавадарци. Тој кривичните дела ги извршил на 01.12.2021, откако за претходно даден заем на Г.М. во износ од 6.500 евра му барал да му бидат исплатени 50.000 евра.

На 15.12.2021 во 19.10 часот во СВР Скопје, И.С.(19) од с.Кучевиште, скопско, пријавила дека околу 18.30 часот во автобус кој сообраќал на релација од Транспортен центар до с.Лобојќе, била физички нападната од женско лице И.М.. Сочинет е записник за констатиран прекршок од Законот за прекршоците против јавиот ред и мир.

СВР Битола поднесе кривична пријава против С.Џ.(34), поради постоење основи на сомнение за сторени кривични дела ,,неовластено производство и пуштање во промет на наркотични дроги, психотропни супстанции и прекурсори" и ,,овозможување на употреба на наркотични дроги и психотропни супстанци". На 06.04.2021, полициски службеници извршиле претрес во домот на С.Џ. при што била пронајдена и одземена марихуана.

На 17.12.2021 во 01.20 часот во СВР Скопје, П.М.(28) од Охрид пријавил дека на 16.12.2021 околу 23.30 часот во угостителски објект на подрачје на Центар бил физички нападнат од едно лице. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 15.12.2021 во 10.20 часот во Полициската станица Ѓорче Петров било пријавено дека во периодот од 15.10.2021 до 15.12.2021 во објект во изградба на ул.„Ѓорче Петров" било влезено со употреба на сила и биле одземени повеќе различни предмети. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

Денеска (17.12.2021) ОВР Кавадарци поднесе кривична пријава по член 215 за сторено кривично дело „неовластено производство и пуштање во промет на наркотични дроги, психотропни супстанции и прекурсори" против Н.А.(35) и М.К.(36), двајцата од Кавадарци. При преглед на возило кое го управувал М.К., а во кое се превезувал Н.А., извршен на 24.05.2021, Н.А. истурил од возилото кесе со кокаин, а при претрес на неговиот дом е пронајдено кесе со хероин.

На 16.12.2021 во 13.20 часот во СВР Скопје било пријавено дека во соба во хотел на ул. „Чаирска" во Скопје била пронајдена почината К.Н.(41) од Скопје. Екипа од Итна медицинска помош констатирала смрт без траги на насилство, а по наредба на Јавен обвинител телото на починатата било предадено на обдукција.

На 16.12.2021 во 14.30 часот во СВР Скопје, Р.Т.(68) од Скопје пријавила дека на ул. „Иван Цанкар" била касната од куче скитник.

ОВР Прилеп поднесе кривична пријава против Т.Н.(54), поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „неовластено производство и пуштање во промет на наркотични дроги, психотропни супстанции и прекурсори". На 03.06.2021 во Казнено поправен дом - Затвор Прилеп, при преземање на службени дејствија, поточно претрес на пратка наменета за Т.Н., во јакна била пронајдена марихуана.

ОВР Виница поднесе кривична пријава против С.Ф.(67), Д.И.(76), С.Ј.(58), сите од Виница, поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „бесправно градење". С.Ф. во текот на 2019 и 2020 година на катастарска парцела започнал со изградба на два нови објекта, а Д.И. и Ј.С. во текот на 2017 и 2018 година на истите парцели изградиле објект без да поседуваат одобрение за градба.

Одделението за прекуграничен криминал и миграции Куманово поднесе кривична пријава против Р.Ш.(48), М.С.(25) и Ф.К.(48), поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „фалсификување исправа". На 06.10.2021 на Граничен премин Табановце пријавените приложиле фалсификувани негативни ПЦР тестови.

На 16.12.2021 во 20.58 часот во СВР Скопје било пријавено дека во обложвалница на бул.„Јане Сандански" две лица со закана кон вработениот одделе пари од дневниот промет. Извршен бил увид и се преземаат мерки за расчистување на случајот.

Секој упад и злоупотреба на веб страницата на МВР е казнив по член 251 од КЗ на Република Северна Македонија

Министерство за внатрешни работи на Република Северна Македонија, ул.Димче Мирчев бр.9, 1000 Скопје,
тел: +389 (0)2 3 117 222 факс: (02)3112468 е-пошта: kontakt@moi.gov.mk

Изработено од Унет